State Government Victoria

Department of Education and Early Childhood Development

Literacy tips to help your child
Years 3–6

Macedonian

# Совети за описменување кои ќе му помогнат на вашето дете

**3-6 одделение**

*Секое дете ја заслужува секоја прилика*










# Да му помогнеме на вашето дете да чита, пишува и разгледува

Семејствата се први и најтрајни влијанија во развојот на детето и играат важна улога во школувањето на детето.

Има многу начини кои можете да ги развиете и да ги поддржите способностите на вашето дете за говорење, слушање, читање и за пишување, преку игра и секојдневни семејни активности.

Оваа брошура дава совети кои вие или други членови на семејството може да ги правите со вашето дете во секојдневните активности за да ја развиете нивната писменост.

Може да биде многу корисно да го вклучите вашето дете во ваквиот тип на активности на нивниот прв јазик, и на Англиски ако се чувствувате способни за тоа.

Електронски верзии од оваа брошура се достапни на Англиски и на 23 различни јазици на веб-страницата „Семејствата како партнери во школувањето“: **www.education.vic.gov.au/about/directions/familiesaspartners/schools/connecting.htm**

## Каде може да добијам помош?

### Учителот/ката на вашето дете

Учителот/ката на вашето дете може да даде совет за тоа како можете да помогнете да се развие способноста за писменост кај вашето дете. Некои теми на кои може да разговарате со учителот/ката вклучуваат:

- Степенот на успех на вашето дете во задачи поврзани со писменоста.
- Целите поврзани со писменоста на кои работи вашето дете и како можете да го поддржите вашето дете да ги постигне истите.
- Стратегии кои можете да ги користите за да му помогнете на вашето дете во области во кои тој или таа има потешкотии.

## Интернет ресурси

Новата веб-страница на Викториската влада *„Connect-Primary“* лесно ви овозможува да се поврзете со одлични алатки за учење од вашиот домашен компјутер, локална библиотека или можеби вашето училиште.

Посетете ја вебстраницата *„Connect-Primary“* на **http://www.education.vic.gov.au/primary**

Веб-страниците во „Connect-Primary“ се проверени од учители за да се осигура дека се соодветни да ги користат деца.

Запомнете, ако отворите други веб-страници што не се наведени во *„Connect-Primary“*, заради безбедносни причини, никогаш не треба да давате лични податоци, како на пример вашето име или името и презимето на вашето дете, училиште, телефонски број или адреса, на некого од интернет што не го познавате.

*Ultranet* е нов интернет систем кој ви дава податоци за школувањето на вашето дете на училиште. Тоа е безбедна страница на државно ниво, која учениците, родителите и учителите можат да ја посетуваат преку интернет. Посетете ја веб-страницата *Ultranet* на: **www.education.vic.gov.au/about/directions/ultranet/benefits/parents.htm**

## Создадете можности за читање и пишување дома:

Како читатели и писатели, децата секојдневно го испитуваат нивниот свет надвор од училиште и од дома.

Важно е вие да:



- Покажете искрен интерес за читањето и пишувањето на вашето дете и гледиште за сите различни типови на пишување.
- Нека ве видат да читате и пишувате и кажете им зошто читате и пишувате.
- Разговарајте со детето за нивното разбирање и поттикнете ги нивните напори за читање и пишување.
- Споделете го семејното минато и приказни низ разговор и поттикнете го вашето дете да разговара со постарите членови на семејството.
- Разговарајте за телевизиски емисии или филмови кои сте ги гледале заедно.
- Поттикнете го детето да направи своја библиотека од книги.
- Разговарајте за светски настани и поттикнете го детето да размисли за различните страни од приказната за да изгради свои мислења.

## Поддржувајте го детето да чита и пишува дома

Создадете рутина за учење и набавете материјали за да го мотивирате пишувањето:

- Прибележник за да ги запишува своите идеи и чувства.



- Компјутери и/или специјални лап-топи за пишување.
- Бележници, моливи, маркери и пенкала.
- Речници и лексикони за консултација. Тоа можат да бидат книги или да се пронајдат на интернет.
- Интернет ресурси како мапи, енциклопеди, страници за времето.

### Споделете идеи за текстови

Откако вашето дете прочитало некој текст, поттикнете го него или неа да зборува за текстот.



Еве неколку идеи што може да одговараат на интересите на вашето дете:

- Прочитајте за авторот или илустраторот на нивната вебстраница.
- Најдете и прочитајте друга приказна од истиот автор.
- Следете ги инструкциите од текстот за да креирате нешто, на пример, рецепти, правење на модели, виткање на хартија. Пробајте ги оригамите (Јапонски начин на виткање на хартија). Отворете го линкот h**http://www.origami.com/index.html** за примери и инструкции.
- Нацртајте или насликајте цртежи за сцените или карактерите од некоја приказна. Нацртајте ги истите на интернет, кликнувајќи на линкот *Draw* на вебстраницата FUSE за ученици од основно училиште.
- Прочитајте неколку статии заедно за истото прашање за да добиете повеќе од едно мислење. Дискутирајте за различните гледишта кои се изразени.
- Гледајте филм направен според книга и направете споредба.
- Одберете слики за карактер или околина, кликнувајќи на линкот *Images* на вебстраницата *FUSE* за ученици од основно училиште.

## Поставувајте му прашања на вашето дете

Со тоа што ќе прашувате прашања можете да го поддржувате вашето дете да:

- Го споделува неговото уживање за читање и пишување.
- Развие подобро разбирање за карактерите или темите.
- Развие чувство на соживување кон другите.
- Ги подобри неговите вредности, ставови и сфаќања за светот.
- Ги зголеми неговите искуства и познавања за светот.
- Да ја негува неговата имагинација.
- Да ги земе во предвид важните точки во тоа што го чита.

Овие се видовите на прашања што на вашето дете може да му бидат поставени на училиште. Вие исто така можете да примените некои од овие прашања кога зборувате за читање дома.

- Кои беа имињата на карактерите?
- Каква беше околината?
- Што направи карактерот потоа?
- Што се случи на почетокот/крајот на текстот?
- Што мислиш како се чувствуваше карактерот?
- Како би го променил/а крајот?
- Како би ги опишал/а промените во карактерот/околината?
- Што мислиш дека е главната порака во приказната?
- Дали можеш да го поврзеш со друг настан или тема?
- Дали се согласуваш со ставовите на авторот?
- Кое е твоето мислење за пораката во приказната?
- Како би можеле другите луѓе да го гледаат на различен начин?

## Објаснете ги тешките зборови



Важно е да му дадете време и стратегии на вашето дете за да чита или пишува секакви подолги или непознати зборови.

Пред да му го кажете зборот кога тој или таа чита, пробајте ги овие техники:

- Побарај решение за значењето на зборот во реченицата.
- Погледни го подобро зборот. Дали ти наликува на некој друг збор што го знаеш?
- Дали можеш да го разделиш зборот на помали делови?
- Дали ти помагаат зборовите пред и после овој збор?

Пред да му го изгороворите зборот буква по буква кога тој или таа пишува, пробајте да прашате:

- Дали изгледа во ред?

Подстичите дете да нешто чита, пише и гледа пишува или гледа нешто со одредена цел во мислите. Некои идеи вклучуваат:

- Прочитајте книга или критика за некој филм, кликнувајќи на линкот *Review* на вебстраницата *FUSE* за ученици од основно училиште и потоа тие можат да додадат своја критика.
- Читајте, собирајте, екпериментирајте со и напишете рецепти за да создадете книга со рецепти.
- Дознајте факти за светот, кликнувајќи на линкот *Find* на вебстраницата *FUSE* за ученици од основно училиште.
- Користете брзи електронски пораки за заедно да комуницирате со семејството и пријателите.
- Водете дневник каде што вашето дете може да забележува настани, чувства итн.
- Направете и напишете честитки.
- Направете список за купување за рецепт што вие и вашето дете сакате да го направите.
- Направете видео коешто сте го одобриле, користејќи веб камера или функцијата за филмови на дигитална камера или мобилен телефон. Гледајте други видеа направени од деца, кликнувајќи на линкот *Watch* на вебстраницата *FUSE* за ученици од основно училиште.
- Зачленете се на вебстраницата Wiki за да читате и да дадете допринос во неа.



# Семејни проекти

Искористете ја приликата да го вклучите целото семејство во читање и пишување. Некои семејни проекти може да вклучуваат:

- Електронска пошта до пријатели или семејни членови
- Користење на социјални страници за комуникација со семејство и пријатели
- Читање на серија на книги заедно
- Читање на упатство за некој нов апарат заедно за да дознаете како работи.
- Запишување на семејни настани или доживувања од некое патување во дневник/летопис или на интернет блог.
- Пишување на драми и изведба на истите пред семејството и пријателите.
- Решавање на крстозбори, загатки на зборови, загатки за развивање на мозокот, играње на игри со зборови и квизови заедно.
- Разгледување на библиотеки и книжарници заедно.
- Правење на филм заедно, кликнувајќи на линкот *Make a movie* на вебстраницата *FUSE* за ученици од основно училиште.
- Следење на мапа или брошура кога сте на отворено, вклучувајќи читање на распоредите за јавен превоз и знаците за информации на јавни места.



# Премиерскиот предизвик за читање

Премиерскиот предизвик за читање е одличен начин за Викторисkите ученици да го подобрат нивното читање. Учениците се поттикнати да прочитаат 15 книги или повеќе, за да достигнат одредени цели. Исто така вклучува идеи за наслови на книги. Проверете го Премиерскиот предизвик за читање на **http://www.education.vic.gov.au/prc/default.htm**